Предмет: XX.бр.XXX/XXX

# Н А О Д  И  М И С Л Е Њ Е

Вешто лице:
Xxxxxxx Xxxxxxxxxxx
Овластен вештак од областа на шумарството
Лиценца бр. xxxxxxxx

Место, Месец Година

Постапувајќи по наредбата на Основниот суд Xxxxxxx, судија Xxxxxx Xxxxxxxx, од XX.XX.XXXX година, го доставувам следниот

# И З В Е Ш Т А Ј

## I. Општи податоци

1. Согласно Решението на Основниот Суд Xxxxxxxx од xx.xx.xxxx година, со вештачењето треба да се утврдат следните околности во врска со извршена сеча во шума на КП xxx во КО Xxxxxxxxxxxx:
    1. Која е количината на исечената дрвна маса на парцелата КП xxx во КО Xxxxxxxxxx,
    2. Дали целата посечена дрвна маса е само огревно дрво или има и техничко дрво и евентуални други додатоци (сеченици, отпадок и сл.)
    3. Да се утврди вкупната вредност на посечената дрвна маса,
        - според Правилникот за висината на цената за штети во шума
        - пазарната вредност на посечената дрвна маса при тоа имајќи ги во предвид и трошоците кои тужениот ги имал за сеча, дотур и транспорт на дрвата од парцелата

За утврдување фактичката состојба на терен, беше закажан и извршен увид на самото место на ден xx.xx.xxxx година.

## II. Анализирана документација

1. Вешт наод од обласа геодезија изготвен од Xxxxxx Xxxxxxx, ДГИ (Месец, Година),
2. Записник за главна расправа одржана при Основен суд Xxxxxxxx на ден xx.xx.xxxx година,
3. Посебен план за стопанисување со шуми за шумскостопанска единица (ШСЕ) „Xxxxxxxxx“ со важност за периодот xxxx-xxxxx година,
4. Посебен план за стопанисување со шуми за шумскостопанска единица „Xxxxxxxxx“ со важност за периодот xxxx-xxxx година.

## III. Фактичка состојба

### 1. Положба на објектот

Катастарската парцела КП xxxx, КО Xxxxxxxx, се наоѓа во опфатот на ШСЕ „Xxxxxxxxx“ во границите на оддел XX.

Со посебниот план за стопанисување со шумите од ШСЕ „Хххххххх“ со важност за периодот хххх-хххх година приватните имоти во границите на стопанската единица не се издвоени просторно, на карта, ниту евидентирани како површини во рамките на одделите. Вкупната површина на оддел хх изнесена во посебниот план изнесува хх,хх хектари од кои хх,хх хектари е обраснато со шума.

Со посебниот план за стопанисување со шумите од ШСЕ „Хххххххх“ со важност за периодот хххх-хххх година приватните имоти во границите на стопанската единица се издвоени просторно, на карта, и не се евидентирани како површини во рамките на одделите. Вкупната површина на оддел ХХ изнесена во тој посебен план изнесува хх,хх хектари од кои хх,хх хектари е обраснато со шума.

## 2. Увид извршен на ден XX.XX.XXXX година

За денот на вештачењето писмено беа известени следните лица:

- Сите засегнати страни и нивни застапници (судии, тужени, тужители, нивни застапници, геодет,...)

Договорено време за извршување на увидот на самото место беше XX.XX.XXXX година во Х,хх (со букви) часот во просториите на XXXXXXXXXXXXXXXX. Во договореното време на дговореното место освен вештото лице од областа шумарство беа и:

- Сите кои биле

По увидот во стопанските книги се замина на увид на самото место.

## 3. Увид на самото место

На самото место освен вештото лице од областа шумарство задолжено за извршување на вештачењето, присуствуваа:

- Сите што дошле на терен

На самото место, Ххххх Хххххххх вештото лице од областа геодезија, заедно со вештото Хххххх Ххххххххх од областа шумарство ги лоцираа и обележаа границите на КП ХХХ.

### а. Состојба

Од извршеното рекогносцирање на теренот се констатира дека на предметната парцела расте млада дабова шума настаната по извршена чиста (гола) сеча. На северозападната граница од парцелата, особено по јужните делови од таа граница, по зарамнетите и благонаклонети делови по главниот срт регистрирани се пенушки од

дрвја кои се посечени пред повеќе од две години  и млади дабови дрвја со височина и над 4 (четири) метри.

Средиштето на дел од пенушките е гнил, особено оние со поголем дијаметар, што  значително го намалува квалитетот на дрвото па и нето количината на дрвната маса дрво.




Фигура 1. Дел од парцелата на која се гледа подмладок со различни димензии и возраст



Фигура 2. Пенушка со гнил средишен дел

**b. Извршени мерења за утврдување бројот и големината на исечените дрвја**

За утврдување бројот и големината на исечените дрвја, од страна на вештото лица во присуство на претставници од двете страни, во два нормални правци беа измерени дијаметрите на сите пенушки на парцелата освен пенушките од дрвја исечени пред повеќе од две години.

За утврдување (проценка) на дијаметарот на градна височина (1,3 метри над земјата) и височината на дрвјата, како елементи за одредување волуменот на дрвјата, во непосредна близина на парцелата, во неисечената шума со ист состав и возраст, на трансект со широчина 10 метри, на 20 дрвја извршени се мерења за утврдување падот на дијаметарот, односно измерени се дијаметарите при основата на дрвјата и дијаматрите на 1,3 метри над земјата. На истите дрвја измерени се височините и извршена е проценка на сортиментната структура.



Фигура 3. Машан насад од даб горун и даб плоскач во непосредна близина на КП XXX

**Н А О Д**

Од извршениот увид во списите на предметот и увидот на самото место, во врска со околностите наведени во барањето (решението) на Основниот суд Xxxxxxx, се констатира следното:

**Барање 1: Која е количината на исечената дрвна маса на парцелата КП XXX во КО Xxxxxxxxx,**

На КП XXX во КО Xxxxxxxx во текот на XXXX година извршена е сеча на вкупно 129 дрвја. На предметната парцела регистрирани се и постари пенушки односно пенушки од дрвја отсечени пред XXXX година. Таквите пенушки не се земени во предвид при мерењата. Височината на дрвјата во неисечената шума во непосредна близина на парцелата се движи од 14 метри, по сртовите, до 22 метри по падините покрај малото долче а како средно за сите дрвја утврдена е средна височина од 20 метри. Количината на исечената дрвна маса е утврдена со помош на двовлезни волумни табели за нискостеблен даб изработени од Проф.д-р Гогушевски (1963).

*Табела 1: Дијаметар при основата на пенушката, пресметан дијаметар на градна височина, височина и волумен на отсечените дрвја на КП XXX*

| Реден број на пенушката | Дијаметар при основата во сантиметри | | | Намалување на дијаметарот | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $D_{0,3}$ | $D_{0,3}$ | $D_{0,3sr}$ | (во cm) | $D_{1,3}$/cm | H/m | v/m$^3$ |
| 1 | 45 | 43 | 44.0 | 5.8 | 38.2 | 20.0 | 1.2382 |
| 2 | 37 | 35 | 36.0 | 5.2 | 30.8 | 20.0 | 0.8087 |
| 3 | 35 | 36 | 35.5 | 5.1 | 30.4 | 20.0 | 0.7851 |
| 4 | 34 | 47 | 40.5 | 5.6 | 34.9 | 20.0 | 1.0378 |
| 5 | 32 | 35 | 33.5 | 4.9 | 28.6 | 20.0 | 0.6948 |
| 6 | 26 | 26 | 26.0 | 4.1 | 21.9 | 20.0 | 0.4088 |
| 7 | 25 | 30 | 27.5 | 4.2 | 23.3 | 20.0 | 0.4595 |
| 8 | 30 | 33 | 31.5 | 4.7 | 26.8 | 20.0 | 0.6105 |
| 9 | 43 | 42 | 42.5 | 5.7 | 36.8 | 20.0 | 1.1499 |
| 10 | 38 | 35 | 36.5 | 5.2 | 31.3 | 20.0 | 0.8326 |
| 11 | 50 | 47 | 48.5 | 6.1 | 42.4 | 20.0 | 1.5252 |
| 12 | 27 | 27 | 27.0 | 4.2 | 22.8 | 20.0 | 0.4423 |
| 13 | 36 | 44 | 40.0 | 5.5 | 34.5 | 20.0 | 1.0108 |
| 14 | 37 | 36 | 36.5 | 5.2 | 31.3 | 20.0 | 0.8326 |
| 15 | 32 | 35 | 33.5 | 4.9 | 28.6 | 20.0 | 0.6948 |
| 16 | 35 | 34 | 34.5 | 5.0 | 29.5 | 20.0 | 0.7392 |
| 17 | 34 | 30 | 32.0 | 4.7 | 27.3 | 20.0 | 0.6311 |
| 18 | 34 | 30 | 32.0 | 4.7 | 27.3 | 20.0 | 0.6311 |
| 19 | 40 | 40 | 40.0 | 5.5 | 34.5 | 20.0 | 1.0108 |
| 20 | 40 | 44 | 42.0 | 5.7 | 36.3 | 20.0 | 1.1213 |
| 21 | 63 | 59 | 61.0 | 6.7 | 54.3 | 20.0 | 2.5052 |
| 22 | 41 | 42 | 41.5 | 5.6 | 35.9 | 20.0 | 1.0930 |

| Реден број на пенушката | Дијаметар при основата во сантиметри | | | Намалување на дијаметарот (во cm) | $D_{1,3}$/cm | H/m | v/$m^3$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $D_{0,3}$ | $D_{0,3}$ | $D_{0,3sr}$ | | | | |
| 23 | 25 | 22 | 23.5 | 3.8 | 19.7 | 20.0 | 0.3314 |
| 24 | 37 | 45 | 41.0 | 5.6 | 35.4 | 20.0 | 1.0652 |
| 25 | 27 | 29 | 28.0 | 4.3 | 23.7 | 20.0 | 0.4771 |
| 26 | 37 | 38 | 37.5 | 5.3 | 32.2 | 20.0 | 0.8815 |
| 27 | 29 | 29 | 29.0 | 4.4 | 24.6 | 20.0 | 0.5134 |
| 28 | 33 | 47 | 40.0 | 5.5 | 34.5 | 20.0 | 1.0108 |
| 29 | 41 | 42 | 41.5 | 5.6 | 35.9 | 20.0 | 1.0930 |
| 30 | 35 | 36 | 35.5 | 5.1 | 30.4 | 20.0 | 0.7851 |
| 31 | 26 | 25 | 25.5 | 4.0 | 21.5 | 20.0 | 0.3926 |
| 32 | 20 | 21 | 20.5 | 3.4 | 17.1 | 20.0 | 0.2498 |
| 33 | 18 | 17 | 17.5 | 2.9 | 14.6 | 20.0 | 0.1803 |
| 34 | 22 | 22 | 22.0 | 3.6 | 18.4 | 20.0 | 0.2890 |
| 35 | 36 | 37 | 36.5 | 5.2 | 31.3 | 20.0 | 0.8326 |
| 36 | 42 | 41 | 41.5 | 5.6 | 35.9 | 20.0 | 1.0930 |
| 37 | 37 | 36 | 36.5 | 5.2 | 31.3 | 20.0 | 0.8326 |
| 38 | 62 | 57 | 59.5 | 6.7 | 52.8 | 20.0 | 2.3728 |
| 39 | 39 | 37 | 38.0 | 5.3 | 32.7 | 20.0 | 0.9066 |
| 40 | 33 | 49 | 41.0 | 5.6 | 35.4 | 20.0 | 1.0652 |
| 41 | 55 | 65 | 60.0 | 6.7 | 53.3 | 20.0 | 2.4165 |
| 42 | 27 | 30 | 28.5 | 4.4 | 24.1 | 20.0 | 0.4951 |
| 43 | 39 | 43 | 41.0 | 5.6 | 35.4 | 20.0 | 1.0652 |
| 44 | 37 | 40 | 38.5 | 5.4 | 33.1 | 20.0 | 0.9321 |
| 45 | 36 | 43 | 39.5 | 5.5 | 34.0 | 20.0 | 0.9841 |
| 46 | 19 | 20 | 19.5 | 3.2 | 16.3 | 20.0 | 0.2253 |
| 47 | 32 | 31 | 31.5 | 4.7 | 26.8 | 20.0 | 0.6105 |
| 48 | 64 | 68 | 66.0 | 6.8 | 59.2 | 20.0 | 2.9766 |
| 49 | 43 | 47 | 45.0 | 5.9 | 39.1 | 20.0 | 1.2990 |
| 50 | 35 | 44 | 39.5 | 5.5 | 34.0 | 20.0 | 0.9841 |
| 51 | 27 | 28 | 27.5 | 4.2 | 23.3 | 20.0 | 0.4595 |
| 52 | 46 | 49 | 47.5 | 6.1 | 41.4 | 20.0 | 1.4585 |
| 53 | 33 | 37 | 35.0 | 5.1 | 29.9 | 20.0 | 0.7620 |
| 54 | 27 | 29 | 28.0 | 4.3 | 23.7 | 20.0 | 0.4771 |
| 55 | 30 | 29 | 29.5 | 4.5 | 25.0 | 20.0 | 0.5321 |
| 56 | 65 | 60 | 62.5 | 6.7 | 55.8 | 20.0 | 2.6417 |
| 57 | 26 | 27 | 26.5 | 4.1 | 22.4 | 20.0 | 0.4254 |
| 58 | 23 | 25 | 24.0 | 3.8 | 20.2 | 20.0 | 0.3462 |
| 59 | 32 | 32 | 32.0 | 4.7 | 27.3 | 20.0 | 0.6311 |
| 60 | 46 | 58 | 52.0 | 6.3 | 45.7 | 20.0 | 1.7719 |
| 61 | 41 | 51 | 46.0 | 6.0 | 40.0 | 20.0 | 1.3616 |
| 62 | 37 | 56 | 46.5 | 6.0 | 40.5 | 20.0 | 1.3935 |
| 63 | 46 | 41 | 43.5 | 5.8 | 37.7 | 20.0 | 1.2083 |
| 64 | 37 | 33 | 35.0 | 5.1 | 29.9 | 20.0 | 0.7620 |
| 65 | 28 | 27 | 27.5 | 4.2 | 23.3 | 20.0 | 0.4595 |
| 66 | 39 | 43 | 41.0 | 5.6 | 35.4 | 20.0 | 1.0652 |
| 67 | 42 | 46 | 44.0 | 5.8 | 38.2 | 20.0 | 1.2382 |

| Реден број на пенушката | Дијаметар при основата во сантиметри | | | Намалување на дијаметарот (во cm) | $D_{1,3}$/cm | H/m | v/m$^3$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $D_{0,3}$ | $D_{0,3}$ | $D_{0,3sr}$ | | | | |
| 68 | 20 | 21 | 20.5 | 3.4 | 17.1 | 20.0 | 0.2498 |
| 69 | 69 | 58 | 63.5 | 6.8 | 56.7 | 20.0 | 2.7350 |
| 70 | 42 | 40 | 41.0 | 5.6 | 35.4 | 20.0 | 1.0652 |
| 71 | 42 | 49 | 45.5 | 5.9 | 39.6 | 20.0 | 1.3301 |
| 72 | 40 | 42 | 41.0 | 5.6 | 35.4 | 20.0 | 1.0652 |
| 73 | 29 | 31 | 30.0 | 4.5 | 25.5 | 20.0 | 0.5512 |
| 74 | 50 | 46 | 48.0 | 6.1 | 41.9 | 20.0 | 1.4916 |
| 75 | 62 | 58 | 60.0 | 6.7 | 53.3 | 20.0 | 2.4165 |
| 76 | 60 | 64 | 62.0 | 6.7 | 55.3 | 20.0 | 2.5957 |
| 77 | 47 | 45 | 46.0 | 6.0 | 40.0 | 20.0 | 1.3616 |
| 78 | 55 | 55 | 55.0 | 6.5 | 48.5 | 20.0 | 2.0003 |
| 79 | 49 | 48 | 48.5 | 6.1 | 42.4 | 20.0 | 1.5252 |
| 80 | 57 | 57 | 57.0 | 6.6 | 50.4 | 20.0 | 2.1614 |
| 81 | 47 | 48 | 47.5 | 6.1 | 41.4 | 20.0 | 1.4585 |
| 82 | 48 | 47 | 47.5 | 6.1 | 41.4 | 20.0 | 1.4585 |
| 83 | 28 | 39 | 33.5 | 4.9 | 28.6 | 20.0 | 0.6948 |
| 84 | 45 | 47 | 46.0 | 6.0 | 40.0 | 20.0 | 1.3616 |
| 85 | 36 | 42 | 39.0 | 5.4 | 33.6 | 20.0 | 0.9579 |
| 86 | 35 | 39 | 37.0 | 5.2 | 31.8 | 20.0 | 0.8569 |
| 87 | 67 | 63 | 65.0 | 6.8 | 58.2 | 20.0 | 2.8786 |
| 88 | 48 | 49 | 48.5 | 6.1 | 42.4 | 20.0 | 1.5252 |
| 89 | 38 | 30 | 34.0 | 5.0 | 29.0 | 20.0 | 0.7168 |
| 90 | 39 | 36 | 37.5 | 5.3 | 32.2 | 20.0 | 0.8815 |
| 91 | 33 | 32 | 32.5 | 4.8 | 27.7 | 20.0 | 0.6519 |
| 92 | 33 | 34 | 33.5 | 4.9 | 28.6 | 20.0 | 0.6948 |
| 93 | 50 | 56 | 53.0 | 6.4 | 46.6 | 20.0 | 1.8463 |
| 94 | 64 | 62 | 63.0 | 6.8 | 56.2 | 20.0 | 2.6881 |
| 95 | 31 | 32 | 31.5 | 4.7 | 26.8 | 20.0 | 0.6105 |
| 96 | 30 | 31 | 30.5 | 4.6 | 25.9 | 20.0 | 0.5706 |
| 97 | 33 | 36 | 34.5 | 5.0 | 29.5 | 20.0 | 0.7392 |
| 98 | 43 | 45 | 44.0 | 5.8 | 38.2 | 20.0 | 1.2382 |
| 99 | 45 | 49 | 47.0 | 6.0 | 41.0 | 20.0 | 1.4258 |
| 100 | 39 | 37 | 38.0 | 5.3 | 32.7 | 20.0 | 0.9066 |
| 101 | 62 | 67 | 64.5 | 6.8 | 57.7 | 20.0 | 2.8302 |
| 102 | 25 | 26 | 25.5 | 4.0 | 21.5 | 20.0 | 0.3926 |
| 103 | 41 | 60 | 50.5 | 6.3 | 44.2 | 20.0 | 1.6636 |
| 104 | 23 | 23 | 23.0 | 3.7 | 19.3 | 20.0 | 0.3169 |
| 105 | 45 | 45 | 45.0 | 5.9 | 39.1 | 20.0 | 1.2990 |
| 106 | 59 | 62 | 60.5 | 6.7 | 53.8 | 20.0 | 2.4606 |
| 107 | 54 | 57 | 55.5 | 6.5 | 49.0 | 20.0 | 2.0399 |
| 108 | 57 | 67 | 62.0 | 6.7 | 55.3 | 20.0 | 2.5957 |
| 109 | 41 | 42 | 41.5 | 5.6 | 35.9 | 20.0 | 1.0930 |
| 110 | 51 | 52 | 51.5 | 6.3 | 45.2 | 20.0 | 1.7354 |
| 111 | 71 | 80 | 75.5 | 6.8 | 68.7 | 20.0 | 4.0055 |
| 112 | 46 | 51 | 48.5 | 6.1 | 42.4 | 20.0 | 1.5252 |

| Реден број на пенушката | Дијаметар при основата во сантиметри | | | Намалување на дијаметарот (во cm) | $D_{1,3}$/cm | H/m | v/$m^3$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $D_{0,3}$ | $D_{0,3}$ | $D_{0,3sr}$ | | | | |
| 113 | 15 | 15 | 15.0 | 2.6 | 12.4 | 20.0 | 0.1314 |
| 114 | 43 | 50 | 46.5 | 6.0 | 40.5 | 20.0 | 1.3935 |
| 115 | 16 | 17 | 16.5 | 2.8 | 13.7 | 20.0 | 0.1598 |
| 116 | 31 | 32 | 31.5 | 4.7 | 26.8 | 20.0 | 0.6105 |
| 117 | 41 | 36 | 38.5 | 5.4 | 33.1 | 20.0 | 0.9321 |
| 118 | 49 | 48 | 48.5 | 6.1 | 42.4 | 20.0 | 1.5252 |
| 119 | 70 | 67 | 68.5 | 6.8 | 61.7 | 20.0 | 3.2302 |
| 120 | 41 | 44 | 42.5 | 5.7 | 36.8 | 20.0 | 1.1499 |
| 121 | 57 | 51 | 54.0 | 6.4 | 47.6 | 20.0 | 1.9224 |
| 122 | 34 | 35 | 34.5 | 5.0 | 29.5 | 20.0 | 0.7392 |
| 123 | 15 | 15 | 15.0 | 2.6 | 12.4 | 20.0 | 0.1314 |
| 124 | 53 | 60 | 56.5 | 6.5 | 50.0 | 20.0 | 2.1204 |
| 125 | 35 | 34 | 34.5 | 5.0 | 29.5 | 20.0 | 0.7392 |
| 126 | 37 | 38 | 37.5 | 5.3 | 32.2 | 20.0 | 0.8815 |
| 127 | 49 | 44 | 46.5 | 6.0 | 40.5 | 20.0 | 1.3935 |
| 128 | 56 | 41 | 48.5 | 6.1 | 42.4 | 20.0 | 1.5252 |
| 129 | 38 | 35 | 36.5 | 5.2 | 31.3 | 20.0 | 0.8326 |
| | | | | ВКУПНО НА ПАРЦЕЛАТА | | | 149.70 |

Вкупниот волумен на отсечените дрвја во КП XXX изнесува 149.7$m^3$.

**Барање 2: Дали целата посечена дрвна маса е само огревно дрво или има и техничко дрво и евентуални други додатоци (сеченици, отпадок и сл.)**

Од извршениот увид во шумата непосредно до предметната катастарска парцела, станува збор за дабова шума од видовите плоскач и горун која во минатото била сечена на височина од 2 до 3 метри по што дрвото се разгранило така што денес од таа височина продолжуваат да растат едно до три стебла -гранки. Кај некои дрвја, дел од тие стебла-гранки се прави и можат да се употребат како ситно техничко дрво. Со оглед на малите количини на тој сортимент, при извршување на режиските сечи ваков сортимент не се изработува.

Од извршените мерења и проценки на 20 моделни дрвја на трансект широк 10 метри, се утврди дека волуменот на тие 20 дрвја изнесува 30,163$m^3$. Техничко дрво е регистрирано само кај 4 дрвја или само кај 17,29% од вкупниот волумен на дваесетте дрвја. Во рамките на волуменот на дрвјата со техничко дрво (5,216м3), 24,44% е ситно техничко дрво а 75,56% е огревно дрво. Останатите 82,71% од дрвната маса е од дрвја без техничко дрво односно дрвја од кои може да се добие само огревно дрво. Со оглед на квалитетот на дрвјата, најголем дел од дрвната маса е огревното дрво

односно околу 80% е I/II класа а останатиот дел е сеченици (10%) и отпадок после сеча (10%).

*Табела 2. Структура на моделните дрвја и нивниот волумен*

| Елемент | Количина | Мерка |
|---|---|---|
| Вкупен волумен на моделните дрвја | 30.163 | $m^3$ |
| Број на дрвја без техничко дрво | 16 | број |
| Волумен на дрвја без техничко дрво | 24.947 | $m^3$ |
| % на волумен без техничко дрво | 82.71 | % |
| Број на дрвја со техничко дрво | 4 | број |
| Волумен на дрвја со техничко дрво | 5.216 | $m^3$ |
| % на волумен со техничко дрво | 17.29 | % |
| Ситно техничко дрво ($m^3$) | 1.275 | $m^3$ |
| Ситно техничко дрво (%) | 24.44 | % |
| Огревно дрво ($m^3$) | 3.941 | $m^3$ |
| Огревно дрво (%) | 75.56 | % |

Според утврдениот однос и структура на волуменот на моделните дрвја утврдена е и структурата на дрвната маса од сите исечени дрвја на парцелата.

Од утврдени вкупно 149,7$m^3$ на катастарската парцела, волуменот на дрвја кои би имале техничко дрво изнесува 25,9$m^3$ од кои 6,3$m^3$ би било ситно техничко дрво а 19,6м$^3$ би било огревно дрво. Останатите 123,8$m^3$ би биле од дрвја без техничко дрво.

*Табела 3. Структура на вкупниот волумен на дрвјата од КП XXX*

| | $m^3$ |
|---|---|
| Вкупно волумен | 149.7 |
| Волумен на дрвја со техничко дрво | 25.9 |
| Ситно техничко | 6.3 |
| Огревно | 19.6 |
| Огревнодрво I/II класа | 15.6 |
| Сеченици | 2.0 |
| Отпадок после сеча | 2.0 |
| Волумен на дрвја без техничко дрво | 123.8 |
| Огревно дрво I/II класа | 99.0 |
| Сеченици | 12.4 |
| Отпадок после сеча | 12.4 |

**Барање 3: Да се утврди вкупната вредност на посечената дрвна маса**

**Барање 3.1: Според Правилникот за висината на цената за штети во шума**

Врз основа на утврдената количина и структура на дрво на предметната катастарска парцела (КП XXX) и цените според Правилникот за висината на цената за штета во шума, висината на штетата на КП XXX изнесува 1.170.082 денари.

*Табела 4. Висина на штетата според Правилникот за висината на цената за штети во шума*

| | $m^3$ | денари | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Вкупно волумен | 149.7 | | |
| Волумен на дрвја со техничко дрво | 25.9 | | |
| Техничко | 6.3 | 35000 | 221482 |
| Огревно | 19.6 | | |
| Огревно дрво I/II класа | 15.6 | 9000 | 140400 |
| Сеченици | 2.0 | 4000 | 8000 |
| Отпадок после сеча | 2.0 | 4000 | 8000 |
| Волумен на дрвја без техничко дрво | 123.8 | | |
| Огревно дрво I/II класа | 99.0 | 7000 | 693000 |
| Сеченици | 12.4 | 4000 | 49600 |
| Отпадок после сеча | 12.4 | 4000 | 49600 |
| **ВКУПНО** | | | **1170082** |

**Барање 3.2: Пазарната вредност на посечената дрвна маса притоа имајќи ги во предвид и трошоците кои тужениот ги имал за сеча, дотур и транспорт на дрвата од парцелата**

*Табела 5. Вредност на дрвото според Ценовникот на ЈП Македонски Шуми како цена франко покрај пенушка изработено.*

| Елемент | $m^3$ | денари/$m^3$ | Вкупно денари |
|---|---|---|---|
| Вкупно волумен | 149.7 | | |
| Техничко (тенка обловина 16-24cm) | 6.3 | 2160 | 13669 |
| Огревнодрво | 143.4 | | |
| Огревнодрво I/II класа | 114.6 | 2070 | 237222 |
| Сеченици | 14.4 | 1350 | 19440 |
| Остатоцивосеча - отпад | 14.4 | 1100 | 15840 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | | | **286171** |

Добиениот приход од реализиран принос од 149,7м3 по цени од Ценовникот на ЈП Македонски Шуми како цена франко покрај пенушка изработено изнесува 286.171 денар.

Согласно добиените податоци од ЈП Македонски Шуми ПЕ „Xxxxxxx Xxxxx“ Xxxxxxxx, за изработка на сортиментот покрај пенушка, по единица производ (метар кубен) Јавното претпријатие прави трошоци во висина од 337 денари од кои за сеча и изработка на огревно дрво покрај пенушка 230 денари по метар кубен, закупнина за моторна пила и репроматеријали 57 денари по метар кубен и теренски додаток за еден работник 50 денари по метар кубен.  Вкупните трошоци за реализација на принос од 149,7 метри кубни би изнесувале 50.449 денари.

Со одбиени трошоци за реализација на принос од 149,7 метри кубни, вредноста на дрвната маса на КП XXXX изнесува 235.722 денари.

**М И С Л Е Њ Е**

На поголем дел од КП XXX во КО Ххххххххх во текот на XXXX година е извршена чиста сеча на мешана шума од даб плоскач и даб горун.

Вкупниот волумен на посечените дрвја изнесува 149,7m$^3$ од кои 25,9m3 е од дрвја кои имаат техничко дрво а 123,8m$^3$ од дрвја кои немаат техничко дрво.

Во рамките на дрвјата кои имаат техничко дрво, 6,3m$^3$ е ситно техничко дрво а останатите 19,6m$^3$ се огревно дрво. Вкупната количина на огревно дрво на парцелата изнесува 143,4m$^3$од кои 114,6m$^3$ се огревно дрво I/II класа, 14,4m$^3$ сеченици и 14,4m$^3$ отпад после сеча.

Вкупната вредност на посечената дрвна маса пресметана според Правилникот за висината на цената за штета во шума изнесува 1.170.082 денари.

Вкупниот приход од посечената дрвна маса пресметан по ценовникот на ЈП Македонски Шуми изнесува 286.171 денар.

За реализација на принос од 149,7м$^3$ изработен покрај пенушка, би се направиле трошоци во висина од 50.449 денари така што вредноста на посечена дрвна маса од 149,7м$^3$ пресметана по ценовникот на ЈП Македонски Шуми изнесува 235.722 денари.

Време
хх.хх.хххх година,
Место

Вешто лице,

Име и Презиме
потпис